РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 20.08.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 853/1 | | |

До: Општина Валандово
Адреса: Ул. Иво Лола Рибар бр. 3

# БАРАЊЕ

## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на РМ бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10, бр.42/14, бр.148/15, бр.55/16 и бр.98/19"), бараме да ни овозможите пристап до одредени информации од јавен карактер за потребите на проектна активност реализирана од страна на [redacted]

[redacted] реализира мерење на индексот на отворени општини, за чие успешно спроведување има потреба од обезбедување на податоци од јавен карактер:

1. Дали општината има процедури за вклучување на јавноста, доколку има ве молиме да додадете линк во анкетата.
2. Дали општината има листа на предлози добиени од граѓани? Доколку има ве молиме да доставите линк до објавата.

Одговорите на прашањата до 4 септември ќе бидат земени предвид во мерењето на индексот за отворени општини за 2023 година. Одговорите може да се дадат директно на линкот кој ќе биде пратен од [redacted] каде може да се разгледаат сите наоди за транспарентноста, отчетноста и вклученоста на граѓаните во буџетските процеси на општината. Ве молиме прашањата одговарајте ги директно на линкот во самиот прашалник.

**Форма во која се бара информацијата**:

1) увид
2) препис
3) фотокопија
4) електронски запис (пожелно е во word или excel формат)
5) друго __________

**Начин на доставување на информацијата:**

1) по пошта
2) телефон
3) факс
4) е-маил
5) друго __________

**Барател на информацијата:** [redacted]

**Застапник/полномошник на барателот на информацијата**

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за слободен пристап до информации од јавен карактер)

Датум:20.08.2024
Подносител
[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-853/2
20.08.2024 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-853/1 од 20.08.2024 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-853/1 од 20.08.2024 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

**Градоначалник**
**на Општина Валандово**
Перо Костадинов
[redacted]

Изработил: Стефан Димитров [redacted]
Контролирал: Владимир Лазов [redacted]
Одобрил: Соња Христова-Јовановиќ [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-853/3
20.08. 201 /24 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

**До**

[redacted]

**Предмет:** Одговор на Барање согласно ЗСПИЈК

Почитувани,

Во врска со Ваше барање согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено на 20.08.2024 година, а заведено под архивски број 10-853/1 на 20.08.2024 година, од Општина Валандово Ви ги доставуваме следните податоци:

1. Општина Валандово на годишно ниво објавува повик за вклучување на граѓаните за доставување на предлози и идеи, со кои учествуваат во креирањето на Буџетот на Општината (ЛИНК од објава и ЛИНК до анкетен формулар за креирање на Буџет за 2024 година);

2. Општината на својата официјална веб страница објавува листа со предлози добиени од граѓаните кои се вметнати и предвидени во Буџетот за 2024 година (ЛИНК од записник од анкетен форлулар и ЛИНК од листа на предлози за 2024 година);

Датум: 20.08.2024 година

Со почит,

Општина Валандово
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Владимир Лазов

[redacted]